РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-684/1
26.05. 2023 год
ПЕХЧЕВО

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и Сл.Весник на РСМ бр. 275/19, 89/22 и 274/22)„ Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на Надзорен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење, мора да ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,

- да е жител на Општина Пехчево;

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие;

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;

- да има најмалку 5 години од областа на дејноста на комуналното претпријатие или најмалку 5 години работно искуство од областа на финансиско работење или најмалку 5 години работно искуство од областа на правните работи;

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да достават соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО„ во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 8 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Надзорен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска
В.Ѓорѓиевска